Архивски број: 08-117/6
__________ година
17-02-2023

Постапувајќи по претставка бр. 08- 117 од 24.01.2023 година, поднесена од Здружение , против од , со живеалиште на ул. , со живеалиште на ул. и од со живеалиште на ул. за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 16.02.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на од , од и д

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 24.01.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од Здружение од , против , од со живеалиште на од со живеалиште на ул. и од со живеалиште на ул. за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми. Во претставката подносителот доставува објава од на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер со текстуална содржина "СЕ ЗАКАНИ ТАТАРОТ И СЕ ПРИКЛУЧИ КОН ГЕЈ ПАРАДАТА! #МакедонскиотНародИмаДостоинство #МАКЕДОНИЈА" со фотографија на лице, кое согласно тврдењата на подносителот, е поврзано со криминал. На ваквата објава коментирале пишувајќи "обикновен педераст" и , пишувајќи "обратен". Според подносителот, ваквата објава и коментари промовирале омраза кон ЛГБТИ+ заедницата, како маргинализирана група. Дополнително, во претставката подносителот наведува дека е членка на Извршниот комитет на политичката партија советничка во Советот на Град Скопје, за е актерка во и членка на управниот одбор на а за се наведува дека е Претседателка на политичката партија и советничка во Советот на Општина Тетово.

Согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на а испрати претставката со барање за произнесување до потенцијалните дискриминаторки.

На 13.02.2023, во рамките на законски предвидениот рок, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен заеднички поднесок за произнесување по претставката од

Во поднесокот за произнесување се наведува дека споменатата објава и коментари не таргетираат ниту едно лице припадник на ЛГБТИ+ заедницата, ниту се содржани било какви изјави кои по својата природа може да се сметаат за навредливи, омаловажувачки, дискриминаторски или заканувачки кон било кој припадник на ЛГБТИ+ заедницата или генерално кон заедницата како таква. Според наводите од поднесокот за произнесување, ваквата објава и коментари имаат политичка конотација поврзана со последните случувања во однос на македонско-бугарските однос на поширок план, не се насочени кон ЛГБТИ+ заедницата, а поистоветувањето на подносителот со статусот претставува лична перцепција и сфаќање. Според тврдењата од поднесокот за произнесување упадот и мешањето во правото на слободно мислење и изразување претставува атак врз самата демократија особено кога секој еден би се поистоветувал со одредено изразено мислење, во услови кога ниту се е поименично означено некое лице ниту се содржани било какви закани и навреди кон било кој припадник на ЛГБТИ+ заедницата. Според наводите од поднесокот за произнесување, посочувањата на општествените статуси, својствата и функциите на потенцијалните дискриминаторки никако не се релевантни во однос на наводите од претставката бидејќи тие не ги извршиле потенцијалните пријавени дејствија при вршење на своите функции.

Ценејќи ја содржината и наводите од претставката и од поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека не е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Во споделената содржина и коментари дадени се изјави кои сами по себе не продуцираат вознемирување и немаат за цел повреда на достоинството на лице или група лица, ниту создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, а со тоа не ја исполнува законската дефиниција за вознемирување од чл. 10, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во оваа поткрепа на ваквиот заклучок одат и одредбите на повеќе домашни правни акти и ратификувани меѓународни договори.

Имено, чл. 8 од **Уставот на Република Северна Македонија** ги потенцира темелните вредности на уставниот поредок, започнувајќи со основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, слободното изразување на националната припадност и владеењето на правото. Членот 16 од Уставот ја гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.

Членот 9 од **Европската конвенција за заштита на човековите права**, потенцира дека секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Ова право ја вклучува и слободата на промена на верата и убедувањето, како и слободата за изразување на својата вера или убедување. Членот 10 од истата конвенција ја гарантира слободата на изразување. Ова ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Имено, при толкување на член 10 од Конвенцијата, **Европскиот суд за човекови права** во случајот Прагер и Оберслик против Австрија[1] констатирал дека *слободата на*

[1] Прагер и Оберслик против Австрија,пресуда од 26 април 1995 година по апликација бр.15974/90

*изразување сочинува една од суштинските основи на демократското општество, еден од основните услови за неговиот напредок и за развојот на секој човек.* Судот во неколку наврати ја нагласил важноста на овој член, кој не се применува само за информации или идеи што се поволно примени или се сметаат за ненавредливи или за прашање на рамнодушност, туку и за оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат; такви се барањата за плурализам, толеранција и слободоумие без кои нема демократско општество[2]. Ограничувањето на слободата на изразување доколку е предвидена во закон, може да се однесува на причините наведени во став 2 од член 10 од Европската конвенција за човекови права кои се: државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречување на нереди и злосторства, заштитата на здравјето и моралот, угледот и правата на другите за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството

Член 19 од **Универзалната декларација за човековите права на ООН**, пропишува дека секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.

Член 19 од **Меѓународниот пакт за граѓански и политички права** пропишува дека никој не може да биде вознемируван заради своите мислења и секое лице има право на слобода на изразувањето. Ова право, без оглед на границите, ја подразбира слободата на изноаѓање, примање и ширење на информации и идеи од сите видови во усмена, писмена, печатена или уметничка форма, или на кој и да е начин по слободен избор.

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето

Скопје
16.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Здружение :

[2] Хендисајд против Обединетото Кралство пресуда од 07 декември 1976 по апликација бр. 5493/72